СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 декември 1996 година

Скопје, декември 1996 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 54-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 17.12.1996г.**

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД-стр.22
2. МУРАТИ ЏЕЛАДИН -12
3. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 24
4. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 3, 4, 6, 11, 13, 14, 15, 16, 17, 19, 21, 22, 23, 24
5. РАМАДАНИ ХИСЕН - 8, 10

Дневен ред:Предлог на закон за парнична постапка-аманд-манска расправа
Законот-не е изгласан поради немање кворум,а гласањето се изврши дополнително

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Педесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 декември 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да почнеме со работа.

Пратениците Стојче Ковачевски, Марјан Начевски, Ратка Куљан - Зографска, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може да работи.

Ве информирам дека на последното продолжение од оваа седница го заклучив општиот претрес по Предлогот на законот за парнична постапка.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ристо Масев, поднесе амандмани на член 160 став 4, член 137 за додавање нов став 2,член 174 за додавање нов став 2 и за внесување на поднаслов по член 350, со кој Владата се согласила и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 12 став 3, член 17 став 2, член 138 став 8, член 369, членовите 372, 376, 377, 379, 380, ставовите 1, 2 и 3 и членовите 381, 382, 383, 384 и член 405 став 1, член 388 и член 392 и на 476 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Газменд Ајдарага, поднесоа амандмани на член 6 став 2 и на член 6 за додавање нов став 4 по став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели, Газменд Ајдарага, поднесоа амандмани на член 6 став 2 по кои Владата не се произнела.

Претенчениот Димитрија Вревезовски, поднесе амандмани на член 7 за бришење на став 3, за менуваше на член 11, член 83 за менување на став 2 и за бришење на став 4, член 84, член 233 став 1, и член 303 став 1, член 323 став 3 и на член 368 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Џеладин Мурати, Газменд Ајдарага поднесоа амандмани на член 6 за менување на став 2, член 6 за менување на став 3, член 166 став 1, член 306, за додавање нов став 2, член 348 за додавање нов став 3 по став 2 и на член 486 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Димитрија Вревезовски поднесе амандман за бришење на член 11 по кој Владата не се произнела. Истовремено пратеникот Димитрије Вревезовски, го повлече амандманот за менување на член 11.

Пратениците Џеладин Мурати, Исмет Рамадани, Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Газменд Ајдарага, поднесоа амандман на член 6 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага поднесоа амандман на член 166 став 1 по кои Владата не се произнела.

Истовремено овие пратеници го повлекоа амандманот на истиот член поднесен на 2 октомври 1996 година.

Пратениците Мевљан Таири, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани, поднесоа амандмани на член б за менување на став 2, член б за додавање нов став 3 по став 2 и на член 6 за додавање нов став по ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани, го повлекоа амандманот на член 6 за менување на став 2, поднесен на 3 октомври 1996 година.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 2 поднесен од пратениците Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Амандманот е комплетно содржан во основното решение, со тоа што во основното решение има, ако не го разбира или ако недоволно го разбира македонскиот јазик, тој елемент е неопходен бидејќи службениот јазик на судот е македонскиот јазик и кирилското писмо. Меѓутоа, во исто време укажувам, доколку припадник на националност изрази потреба да учествува во постапката на својот јазик и писмо, поради негова изјава дека не го разбира доволно или не го знае македонскиот јазик тогаш судот е должен да му обезбеди толкувач. Значи дека задолжително учествува постапката на јазикот на јазикот на својата националност, без притоа судот претходно да утврдува дали он го знае или не го знае, па да арбитрира по тоа прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за менување на став 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдуладии Вејсели и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тој амандман е со иста содржина и не се прифаќа од истото образложение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Газменд Ајдарада.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа затоа што тој предлага на трошок на Република Македонија да се одвива и оној превод на јазик кој може да биде јазик на странец, а во случајов станува збор за парнична постапка за имотни права. Во тој случај единственото правило во цел свет е лицето да си ги поднесе трошоците за толкувач.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 2 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Газменд Ајдарага.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 3 по став 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ова е едно прашање кое што пратениците од Парламентарната група на ПДП го образложуваа поопстојно минатиот пат во општата расправа, а јас исто така поопстојно се осврнав на тоа прашање. Станува збор за поднесоците во парничната постапка.

Да укажам дека во законот за парнична постапка во делот на употреба на јазиците на националностите опфатени се три институти.

Прво, доставницата е билингвално или покрај на македонски јазик и кириличното писмо до странката се доставува и на јазикот на националноста на која таа странка припаѓа.

Второ, учеството на странката во парничната постапка граѓанин на РМ се обезбедува на неговиот јазик а трошоците ги сноси Република Македонија и

Трето, документите кои што се однесуваат на предметот може да бидат доставени на јазикот на националноста и судот заради тој факт нема да ги одбие туку ќе ги преземе правосилно во постапка и ќе ги преведе и на тој начин,ќе ги вклучи во елементите на своето одлучување. На таков начин се исцрпува скалата на правата на употреба на јазикот на националностите односно на правата на регионалните јазици, да бидат употребувани во парничната постапка според Повелбата на Советот на Европа за малцинските односно регионалните јазици. Во таа повелба алтернативно постои и можноста целокупната постапка да се води на малцински односно на регионален јазик.

Ние во една опширна расправа утврдивме дека тоа правило во Европа се однесува на федеративните држави, односно дека тоа значи федерализација на судската постапка што автоматски означува федерализација на судовите, дека на тој начин би постоеле судови кои

што судат само на турски, судови кои што судат само на македонски, судови кои што судат само на албански, или одделенија во судовите кои целокупната постапка би ја воделе. Тоа не е во. согласност ниту со нашиот устав, ниту има каква и да е реалност или рационално оправдување. Ако е тоа така и ако тоа ниво е надвор од сомнение, тогаш ние според повелбата на Советот на Европа од регистарот на другите норми ги имаме неалтернативно туку кумулативно содржани комплетно сите стандарди во Законот за парничната постапка. Сакам само да потенцирам дека различни се критериумите меѓу кривичната постапка и парничната. Во кривичната постапка и поднесоците влегуваат како еден од критериумите, бидејќи станува збор за лични права и слободи на граѓаните, а во парничната постапка станува збор за интерес. Тоа значи ако сега, само поради една правна ефикасност, ако се внесе овој институт во парничната постапка во која можат да учествуваат 5, 10 но и 20 странки како странки и како вмешувачи во постапката и кои можат, со оглед на јазикот на својата националност да бидат 5 или 6 различни по таа јазична линија, тогаш таа постапка ќе предвиди една долга процедура на преведување взаемно на сите поднесоти. На пример вмешувач од турска националност. Неговиот поднесок ќе треба да биде преведен на македонски јазик и на албански, теоретски на влашки, на ромски на српски, доколку има од сите тие националности учесници во постапката. Со други зборови на таков начин постапката бескрајно се прави неефикасна што би било исклучиво на штета на интересите на самите странки и што не би било продуктивно воопшто, во однос на главната цел на парничната постапка да ги разреши самите интереси. Што значи дека во парничната постапка нема политика. Ние можеме да внесеме политика ако сакаме, но таа е апсолутно на штета на правните институции во рамките на граѓанската постапка. Да беше тоа важно од

становиште на статусот на националностите, што значи од становиште на политичката положба и на нивната рамноправност во таа смисла Советот на Европа ќе го ставеше тој елемент. Бидејќи тој елемент е важен во кривичната постапка, Советот на Европа го има тој елемент ставено таму и ние го имаме комплетно акцептирано во кривичната постапка. Значи навистина не постојат рационални елементи во интерес на изградба на едно ефикасно чувство во однос на имотните односи каде што странката целосно владее со својата волја, со самиот процес. Он може да се откаже и кога сака. На пример дури да го добие наеднаш пред Врховен суд во постапката со правни лекови, ќе прати а нема повеќе спор во таа смисла. Затоа сметам дека овој предлог не е рационално да се прифати во овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Министерот се обиде еден амандман пошироко да го објасни во смисла на тоа каква е неговата рационалност со оглед на материјалната и на оваа друга страна на расправата. Меѓутоа, суштинско прашање во овој закон па и во другите закони за кривична постапка, следи сега Законот за другите процеси во судска, истражна и тн. постапка. Прашањето е на јазикот, институтот јазик во целиот процес на кривична, истражна,судска постапка. Ние свесни или не, сме во фаза на заокружување или на дефинирање на правниот систем и во рамките на правниот систем н институтот јазик го нема. Јас останувам при тврдењето што го кажавме во расправата дека ние овде при регулирање на таа материја имаме два стандарди. Едниот е стандард во материјалните аспекти ва нормативната регулатива и другиот стандард е во процедурата, поготово кога ќе дојде во јазичната процедура. Додека таму во првиот дел инсистираме на максимални норми на граѓанска

конституција на целиот правен систем, штом ќе дојдеме на процедуралното прашање на јазикот скршнуваме на националниот колосек, со што дефакто го деградираме целиот процес на демократска еманципација на Републиката во целиот правен систем.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (ПРОДОLЖЕНИЕ)

Дали сме за тоа свесни или не сме. Мислам дека еве сега сме исправени пред два европски документи кои се општи конвенции во кои внатре имаме една скала стандарди. Според тоа, наше прашање е на наша политичка волја во таа скала на стандарди за која ќе се определиме, па и во овие закони.

Според тоа, сега се прашуваме, пред да ги усвоиме овие два документи како европски документи, со дефинирањата што сме ги правеле во законот да не ги прејудицираме нашите определби во тие конвенции што треба да ги усвоиме, или на некој начин сакаме да го заокружиме или да го затвориме прашањето пред тоа да се расчисти.

Уште нешто, ние денеска примаме како држава странски фактори кои ќе расправаат на оваа тема, меѓу кои покрај етничките прашања е и јазичното прашање во мултикултурно односно мултиетничко општество и пред да дојдеме до некакви сознанија поблиски за тоа, ние во законите ги дефинираме односите. Па, зошто тогаш ги викаме тие претставници за тие разговори, ако ние со тоа сме расчистиле.

Dа заклучам, мислам дека на ваков начин ние не ги релаксираме состојбите, не создаваме една расположба во Републиката дека сите пред законот и пред институциите на државата се чувствуваме како пред свои институции. Тоа е суштината на работите. Дајте, да ја надминеме оваа двојност во пристапот и двојност во поведението надвор. Вистина ви велам пред да ги донесеме овие две конвенции пред кои сега стоиме, мислам дека е прејудицирање, на решенијата на овие закони, целиот систем на закони за јазикот. Второ, тогаш се безвредни и бесцелни овие расправи со меѓународни фактори овде за истите прашања. Трето, мислам дека рестриктивно во законот се внесува делот на Уставот член

7, точка 2 и 3. По мое мислење таму е поинаку третиран дел на јазиците на националностите, овде и министерот употребува терминот национални малцинства веќе цел печат само со тоа се služи. Мислам во таа конвенција да ставиме ограда дека нашиот уставен систем дефиниција немаме национални малцинства.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Правев многу внимателно дистинкција на употреба на поимот националност и секогаш го употребував тој поим националност кога зборував за националностите во Република Македонија и за решенијата во актите на Република Македонија. Кога ја цитирав повелбата на Советот на Европа, број 148 донесена на 5 ноември 1992 година, ја цитирав според нејзиниот оригинален јазик Европска повелба за регионалните и малцинските јазици. Што значи тој поим, го употребив само за самата Повелба, во ниеден друг случај. Тогаш кога ќе дојде ратификацијата на овие повелби во нашите акти ние веројатно ќе изразиме резерва во однос на поимот националност, ова "малцинство" ќе го употребиме националност, затоа што уставен поим во Република Македонија и тука немаме никаков спор.

Да се вратиме околу темата, која што очигледно е сензибилна во однос на други критериуми неправни и не од становиште на ефикасноста на судската постапка во рамките на граѓанските, имотните прашања и другите покрај имотни, брачни и други и тн. Можам сосема да дозволам дека во рамките на реалните чувства и од- нос кон системот и постапките ова решение да се доживува аргументирано така како што господинот Хисен Рамадани го доживува. И тоа не можам да го негирам, бидејќи тоа е една друга реалност или таа реалност која што постои и функционира.

Еве сега само ќе кажам ако ние го оставиме тој елемент ќе се одрази тој само на ефикасноста. Веројатно на водењето на самата постапка. Веројатно, не ги менува позициите на националностите глобално во однос на Уставот или во однос на правниот поредок, бидејќи во кривичната постапка тој елемент постои. Судовите заради кривичната постапка ќе мора да имаат служба на преведување од судските преведувачи на јазиците на националностите заради нивното учество според решенијата на ЗКП, претпоставувам дека ќе го прифатиме така како што во тој дел е предложен, затоа што е предложен според стандардите на Советот на Европа, фактички судовите ќе имаат таква служба. Тоа значи дека таа служба во овој случај би се употребила и за парничните предмети со тоа што самите парнични предмети ќе бидат развлечени. Ако е тоа интерес, тогаш сакам да кажам дека тоа право националностите го имаат, ако инсистираат на тоа право можеме да го прифатиме и во оваа постапка, но последицата би била таа. Парламентот е тој што може да одлучи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас прво изразувам едно несогласуваwе со постапката по која работиме, поминаа два месеца откако немаме седници, а овие амандмани се поднесени точно два месеца, а Владата не нашла за сходно да ги разгледува на своја седница и да се произнесе. Овој амандман се прифаќа заради тоа и тоа, а овој не се прифаќа заради тоа и тоа. Денеска раcправаме по амандмани по кои Владата не е произнесена. Барам или министерот да бара да се прекине седницата, да продолжиме по друга точка, а овие амандмани, прво да ги разгледува

Владата, да заземе став околу нив, во која Влада, се разбира, партиципира и Партијата за демократски просперитет, која е должна да дава пошироко образложение зошто не се прифаќаат амандманите, меѓу кои ете и овој последниот е во согласност и со предложената Повелба, односно ратификација на членот на Повелбата која го предвидува употребата на јазикот, за кој се залагаме ние предлагачите на овој амандман.

Второ, навистина би барал да не биде ова постојана чувствителна сензибилна тема, но членот 7 на Уставот, алинеја 2 да се толкува малку пошироко, поекстензивно, отколку толку рестриктивно во однос на употребата на јазикот на националноста и во судските органи и во судската власт. Треба навистина да престанеме со разгледување на амандманите, Владата да се произнесе по овие амандмани и да се знае точниот, вистинскиот став на Владата, која е коалиционен партнер на Партијата за демократски просперитет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Очигледно дека нашиот нацрт - акт за ратификација на повелбите има исчекорено еден чекор понапред. Јас тој акт го немам во рацете и тој треба допрва да дојде. Тука укажав прецизно на односот меѓу Повелбата, Европската повелба и нашите решенија во парничната постапка и укажав на правната логика. Меѓутоа, нема место да се прекине седницата, бидејќи јас сум овластениот претставник на Владата со овластување тоа што ќе прифатат дека е став на Владата. Го прифаќам амандманот што се однесува на поднесоците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Ова е делимично прифаќање на амандманот. Говориме за член 6, за додавање нов став 3 по став 2, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани. А овој за кој говорите тоа е друг амандман. Кога ќе дојде на ред, значи, сега расправаме за амандманот на член 6 за додавање нов став 3 по став 2, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот, но незнам кај ми е листот од амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го земавте господине министре.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Добро, за него и зборуваме ако е овој на член 6 по ставот 3 се додава нов став 4.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е, не за додавање нов став 3 по ставот 2.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа од тие причини што тука се внесени и поднесоците и доказите, а доказите ги имаме решено со член 204 и нема потреба тука да правиме кумулации меѓу два члена. Тогаш кога ќе дојде став 4 после ставот 3 во членот 6 и се однесува само на поднесоците, значи, тоа е моето прифаќање и на тој начин во законот за парнична постапка ќе ги имаме сите елементи плус елементот на поднесоците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, кога ќе дојдеме до тој член, тогаш ќе расправаме.

За овој амандман дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Едно појаснување, секако, претставникот на Владата во името на Владата е овде и може да прифати или да не прифати амандман. А дали ќе бара одлагање на седницава, исто така тоа е право на Владата. Ние сите амандмани ги доставивме до Владата.

Молам, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став по ставот 2, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Џеладин Мурати и Исмет Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа и не претставува никаков елемент во регистарот, квалитетен елемент во регистарот на употребата на јазиците во постапката и го нема во ниедни меѓународни правила.

Второ, издвоени по елементи е опфатен во другите решенија и во другите ставови на парничната постапка, напросто, е правно невешто и неуредно направена една конфузија на елементите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Тројца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 3, поднесен од пратениците Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот на господата Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага укажува дека странките во постапката кои се странски државјани, ако е тој, и не го разбираат службениот јазик имаат право да се служат на својот јазик, а притоа да се користат со толкувач.

Да, доколку трошоците ги поднесат самите. Ако го додадете тој елемент ќе биде прифатен. А инаку на странци за имотни прашања...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот го повлекуваат.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Значи го повлекуваат амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање на нов став 4 по став 3, поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели и Газменд Ајдарага.

Вие рековте дека го прифаќате овој амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

За поднесоците морам да прочитам за да се знае што прифаќам.

"Припадникот на националноста поднесоците може да ги поднесува на јазикот и писмото на националноста, а трошоците за преводот на истите паѓа на товар на Република Македонија". Го прифаќам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа тој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Молам, претставникот ан Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не го прифаќам тој амандман. Станува збор за поука на неуката странка од страна на судот кои парнични постапки може да ги користи, а не ги знае. Обрнувам внимание дека претходниот амандман што го прифатив е дека судот неможе да преземе постапки што не ги побарала странката и тоа е сосема логичен амандман, затоа што парничната постапка исклучиво зависи од диспозицијата на странките. Меѓутоа,

членот 11 има друга смисла. Таа смисла е оправдана во наши услови. Немавме забелешка од експертската група на Советот на Европа, бидејќи се тргнува од едно сознание дека, на пример, полнолетното население во Република Македонија над 18 години, тоа што има деловна способност во 59% е или со 4 години училиште, или со незавршено четиригодишно училиште.

Друго е прашањето од кога ќе биде поучен дали странката ќе побара преземаше на одредени парнични постапки. Затоа, сметам дека овој институт е корисен за нашата парнична постапка уште за подолго време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17, став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 83 за менување на став 1, на став 2 и за бришење на став 4, поднесен од пратени- кот Димитрија Вревезовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман не го прифаќаме. Предвидува застапништво само од дипломирани правници. Немавме никаква забелешка од експертската група на Советот на Европа. Станува збор за заштита на свои интереси и ризикот при таа заштита го носи по своја волја самата странка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 83 за менување на став 1 и на став 2 и за бришење на став 4, поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Отворам претрес по амандманот на членот 84, поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој амандман го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот ан член 138, став 8, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Господин Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 166 став 1 поднесен од пратениците Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 233 став 1 и член 303 став 1 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Завлегува во системот на казни, ни го нарушува системот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 306 за додавање нов став 2 поднесен од пратениците: Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само да објаснам, можеби ќе ги повлечат овие два амандмани што ги имаат господата Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага поднесено.

Се бара и во втор степен во областа на семејните односи да може да се изврши поравнување. Идејата е извонредна. Меѓутоа само да укажам на карактерот на парничната постапка. Доколку фактички постои подготвеност во семејните односи за поравнување може да се повлече тужбата без оглед дали е на втор степен, или на трет степен и на тој начин се смета дека е извршено поравнување.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас го прифаќам она што го изнесе министерот. Меѓутоа пости една работа која што беше причина да поднесуваме амандмани. Странките секогаш не се толку уќи да можат да се повикуваат на такви работи. И заради тоа од хуманост беше поднесен амандманот. Мислам дека би било издржливо да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ?**

Нема никакво сомнение за хуманоста. Станува збор сега само за правната техника. Имено, ако постои подготвеност за порамнување, странките ќе си се порамнат фактички и ќе ја повлечат пресудата. Доколку остане вака, тогаш значи отворање на првостепен процес по својата суштина на ниво на жалбен суд што не е вообичаено, а нема никаква потреба бидејќи фактички ако се порамнат напросто завршува спорот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 3 став 3 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Во рок од 30 дена да мора да се достави пресудата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 348 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците: Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тој е истиот за порамнување во семејни спорови. Не се прифаќа, бидејќи можат фактички странките пред тоа да се порамнат и да го повлечат своето барање. Значи амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го сувои Амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 8 став 2 поднесен од пратеникот Димитрија Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Станува збор за ревизија, за правниот лек ревизија каде што се предлага симнување на сумата од еден милион денари на 500 илјади денари. Ревизијата е таков вонреден правен лек каде што странките директно се обраќаат до Врховниот суд за разлика од барањето на заштита на законите каде што меѓу странката и Врховниот суд има филтер Републичкиот јавен обвинител. Проценуваме дека на тој начин ќе се претрупа Врховниот суд со редовна надлежност и на тој начин ќе ја супституира, или замени надлежноста на редовното судство кај нас постапката е двостепена и правосилнсота по правило завршува на втор степен. Нема никаква потреба да се прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 369 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 372, 376, 277, 279, 380 ставовите 1,2 и 3 и на членовите 371, 382, 383, 384 и член 405 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 381 и член 392, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 476, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 476 поднесен од пратениците: Џеладин Мурати и Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи вистинската правна дикција е дека престанува да важи, а не да се применува во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Како што ви е познато за донесувањето на овој закон е потребно двотретинско мнозинство.

Молам за информација за бројот на присутните пратеници во салата.

66 пратеници се присутни во салата. Очигледно дека не см во состојба да одлучуваме по ОВОЈ закон.

Според тоа, предлагам да продолжиме сега со ново закажана седница, а по овој закон гласањето да го извршиме во моментот кога ќе се создадат услови.

(Седницата прекина со работа во 12,40 часот)